Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020

Извадок на дел од дневни настани 16.11.2020

На 15.11.2020 во 11,50 часот на Граничен премин „Долно Блаце" од полициски службеници бил лишен од слобода Б.И.(29) од Р.Албанија бидејќи било констатирано дека евидира во евиденциите со мерка „Апси" по барање на Интерпол од Германија. Лицето е предадено на полициски службеници од СВР Скопје за понатамошна постапка.

На 16.11.2020 во 02.45 часот на Граничен премин "Меѓународен Аеродром"-Скопје од полициски службеници бил лишен од слобода Р.Т.(33) од Р.Албанија, со фалсификувана италијанска лична карта. При преглед на неговиот багаж била пронајдена албанска лична карта со исти податоци, а по извршен разговор пријавениот изјавил дека италјанската лична карта е фалсификувана и дека ја купил од лице во Р.Албанија. Лицето е предадено на полициски службеници од Одделение за прекуграничен криминал и миграции Скопје за понатамошна постапка.

На 15.11.2020 во 10.30 часот на Граничен премин "Блаце" лишен е од слобода Е.Т.(40) од Скопје, кој се барал од Интерпол Италија поради одземање на патничко моторно возило.

На 15.11.2020 околу 15.30 часот во с.Железница,кратовско на пат од с.Туралево кон Кратово патничко моторно возило „тико" со кумановски регистарски ознаки управувано од Љ.К.(50) од Кратово излетало од патот. Од здобиените повреди на местото на настанот починала сопатничката П.К.(72) од Кратово, а Љ.К. и сопатничката С.К.(48) од Кратово се здобиле со повреди и се пренесени во Медицински центар Куманово за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Кратово.

На 15.11.2020 во 17.45 часот на регионалниот пат 1303 Прилеп-Македонски Брод, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило "ауди" со кичевски регистарски ознаки управувано од Ќ.Х.(50) од Кичево и товарно моторно возило "ман" со битолски регистарски ознаки управувано од С.Ј.(63) од с.Долно Оризари,битолско. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил Ќ.Х., а со повреди се здобиле сопатниците во патничкото моторно возило, Ј.Х.(47) од с.Брждани,кичевско, С.И.(47) од с.Гарани,кичевско и 16 годишен малолетник од Кичево на кои им била укажана лекарска помош во Градската болница Прилеп. За незгодата бил известен јавен обвинител, а увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Прилеп.

На 15.11.2020 во 21.10 часот на подрачјето на општина Карпош од страна на полициски службеници од СВР Скопје бил лишен од слобода С.К.(18) од Скопје бидејќи кај кого била пронајдена марихуана. Против лицето ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.11.2020 во 23.30 часот на подрачјето на Гази Баба од страна на полициски службеници од СВР Скопје бил лишен од слобода Р.И.(20) од Скопје бидејќи кај него била пронајдена марихуана. Против лицето ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.11.2020 во 23.45 часот, на регионалниот пат Струга-Дебар кај месноста „Суво поле", полициски службеници од полициското одделение Велешта, извршиле контрола на патнички автомобил „поло" со дебарски регистарски ознаки, управуван од В.К.(20) од Дебар. При извршен преглед, кај А.Л.(23) од Дебар-сопатник во возилото, пронајдена е марихуана. Двајцата се приведени во полициска станица и ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.11.2020 околу 03,00 часот во куќа во с.Инџиково, скопско. А.С.(24), полициски службеник, при чистење на службен пиштол, испукал еден куршум и се здобил со повреда во десното стапало. А.С. е пренесен во Комплекс клиники "Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Известен е Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди.

СВР Штип на 14.11.2020 во времето од 16.00 до 22.00 часот спроведе акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Од извршената контрола кај 11 било утврдено присуство на алкохол. Притоа, сите 11 возачи биле исклучени од сообраќај, времено им биле одземени возачките дозволи и издадени им биле записници за констатиран прекршок. Санкционирани се и 54 останати прекршоци.

На 15.11.2020 во 22.30 часот на подрачје на Кисела Вода од полициски службеници бил лишен од слобода Е.П.(20) од Скопје постапувајќи по претходна пријава во 19,15 часот од А.Ѓ.(21) од Скопје дека пријавениот физички ја нападнал и и побарал пари. За настанот е известен јавен обвинител. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.11.2020 во 16.00 часот во Полициска станица Драчево, Т.Т.(70) од Скопје пријавил дека околу 13,00 часот додека на подрачје на Драчево вршел поправки на заеднички пат, М.Т. и А.Т. го навредувале и му упатувале закани по живот на него и неговото семејство. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.11.2020 во 00.18 часот вработени во аптека на булевар „Партизански Одреди" во Скопје пријавиле дека забележале дека низ излогот навлегол проектил од огнено оружје кој оштетил производи на една од полиците. Повредени лица нема. Излезено е на местото на настанот при што пронајдени и подигнати се две чаури и еден проектил. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.11.2020 во 15.10 часот И.М. (62) пријавил дека во населба Чаир во Скопје неколку лица физички го нападнале, по што му е укажана лекарска помош во Градска општа болница "Наум Охридски". Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 15.11.2020 во 17.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во објект на ул. Прилепска две лица физички ја нападнале Б.С.(81) и со закана со остар предмет и одзеле паричник со 2000 денари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет